

# IN MEMORIAM

## **Љубица Статоска**

На 26.04.1992 година, по долго и тешко боледување, од нашите редови замина нашата колешка Љубица Стаматоска, долгогодишен професор по историја во Гимназијата „Јосип Броз Тито" во Скопје.

Колешката Љубица е родена на 1 март 1930 година во нашето питоресннко и питомо гратче Берово. Лошите материјални услови во нејзиното семејство ја принудиле својата иднина и воопшто егзистенцијата да ја согледува и насочува во школувањето. Затоа, по добивањето на основното, образование во родното место, таа го продолжува средното во Струмица и Штип, каде матурира во 1949 година.

За да ја подобри неповолната материјална состојба во семејството, таа морала веднаш по завршувањето на средношколското образование да се вработи како службеник во Околискиот народен одбор во Берово (1949/50 г.).

Меѓутоа, кај неа не згаснува желбата за натамошно школување, така што едновремено се запишува на Филозофскиот факултет во Скопје на групата за етнологија, како вонреден студент.

Од октомври 1950 година се вработува во „Радио-Скопје" како документарист и радиоинспициент. Во „Радио-Скопје" останува на работа до 1 февруари 1954 година, кога по дипломирањето на

споменатиот факултет на Групата за етнологија, се префрлува на работа во просветната струка, во која останува се до нејзиното пензионирање. Имено, од февруари 1954 до 1 септември 1962 година, Стаматоска е вработена како професор по историја во Основното училиште „Климент Охридски" во Скопје. Потоа, станува професор по историја во гимназиите „Цветан Димов" и „Јосип Броз Тито" во Скопје.

Својата ориентација на педагошката дејност, колешката Стаматоска ја сфати мошне одговорно и совесно, посебно кога станува збор за наставник - историчар. Затоа, таа посвети внимание на своето натамошно стручно усовршување. Во 1957 година го положи стручниот испит за професор по историја во средните училишта. Во меѓувреме таа е редовна посетителка на семинарите за наставниците - историчари, тогаш перманентно организирани од бившите републички органи за просвета и за унапредување на школството. Осведочуваме дека на овие стручни средби, советувања и сл., Стаматоска се експонираше меѓу своите колешки и колеги со активно учество во третманот на бројните проблеми и прашања сврзани со дотичната настава.

Во својата работна средина (Гимназијата „Јосип Броз Тито"), во соработка со другите членови на наставничкиот совет, Стаматоска даваше посебен придонес во преземањето низа мерки за унапредување на наставниот процес, посебно кога училиштето организира и премина кон изведување на кабинетска настава. Покрај тоа, Стаматоска по својот предмет се истакна и во изведувањето на екскурзии, во посетата на музеи и други видови вончасовни активности. Притоа Стаматоска особено ја поттикнуваше ученичката самодејност.

Во совкупните напори за осовременување на наставата по историја, таа беше член на разни тела и комисии и одбори, за одбележување низа традиционални одбележувања, на националните празници, придонесувајќи нејзиниот школски колектив да одговори на своите задачи како општествена образовно-воспитна институција, посебно во одгледување традициите од нашето минато. Овде спаѓа и катагодишната манифестација - традиционалниот наставен час, посветен на личноста и делото на големиот борец за правата на македонскиот народ меѓу двете светски војни - Анри Барбис, при што за неговото одржување Стаматоска даваше свој посреден и непосреден придонес.

Впрочем, за својата работа како наставник, таа е оценувана со највисоки оценки.

Со своите интензивни стручно-теоретски преокупации, кои се засновуваа и на нејзиното едновремено здобивање со богато практично искуство - Стаматоска релативно брзо се нареди и афирмира и надвор од училиштето, меѓу нашите истакнати наставници - историчари.

Оттука таа беше присутна и во разни стручни комисии и тела во кои се третираат и решаваат низа актуелни проблеми на наставата по историја во Републиката, посебно при измените на старите и составувањето на нови наставни планови и програми по историја, или во програмирањето или реализацијата на другите облици, средства и форми за унапредување на наставата по историја. Таа е автор или учесник во изработувањето на низа анализи сврзани со оваа тематика, било од Заводот за унапредување на школството на Македонија или од Сојузот на друштвата на историчарите на Макеоднија. Стаматоска се јавува и како соработник на издавачката куќа за учебници „Просветно дело´´, како рецензент на ракописи за учебници. Посебно ја одбележуваме нејзината соработка и со прилози во списанието „Историја´´ - органот на Сојузот на друштвата на историчарите на Македонија, каде и се објавени два инструктивни прилога од нејзината долгогодишна наставна практика.

Како бележит наставник - практичар, Стаматоска беше ангажирана од страна на Филозофскиот факултет во Скопје (Група за историски науки), во оргнизацијата и реализацијата на практичните вежби на студентите по предметот Методика на наставата по историја. При тоа се истакна - не само како ментор за студентите кои кај неа беа на хоспитирање и одржуваа наставни часови - туку и како солиден аналитичар на практичните вежби на студентите.

За нејзината педагошка и општествена дејност Љубица Стаматоска во 1966 година е одликувана со Орден на трудот со сребрен венец, а во 1980 година, со Орден за заслуги на народот со сребрена ѕвезда.

Вечна благодарност, почит и слава на нашата ценета колешка Љубица Стаматоска од нејзините колешки и колеги.

Воислав Д. Кушевски